( Образец ПП……)

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar: | 8.04.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 1255 | 1 | |


**До:** ________________________________________________

**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**
**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

______________________________________________________________

[redacted]

______________________________________________________________
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

______________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Известување проследено од Државна комисија за спречување на корупцијата до [redacted] во врска со предмет со наслов "ПРИЈАВА" примена во ДКСК на ден 31.01.2025 година и предмет со наслов "ДОПОЛНЕНИЕ НА ПРИЈАВА" примена во ДКСК на ден 11.02.2025 година и доказ дека доставата била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.
2. Одлука донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно предмет со наслов "ПРИЈАВА" примена во ДКСК на ден 31.01.2025 година и предмет со наслов "ДОПОЛНЕНИЕ НА ПРИЈАВА" примена во ДКСК на ден 11.02.2025 година и доказ дека доставата била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.

______________________________________________________________
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер

**Во Скопје, 01.04.2025 година** [redacted]

**Burim Abazi**

| | |
|---|---|
| **From:** | [redacted] |
| **Sent:** | Tuesday, April 1, 2025 8:12 AM |
| **To:** | contact@dksk.org.mk; b.abazi@dksk.org.mk; tatjana.dimitrovska@dksk.org.mk |
| **Subject:** | Барање за пристап до информации од јавен карактер |
| **Attachments:** | Барање слободен пристап до информации.pdf |

**Почитувани,**

**Во прилог доставувам барање за пристап до информации од јавен карактер.**

**Со почит,**

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 03-1255/2
15-04-2025 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1255/1 од 08.04.2025 година, доставено од [redacted], го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-1255/1 од 08.04.2025 година, доставено од [redacted]о ДКСК, **СЕ УВАЖУВА**.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

### *Образложение*

Барателот на информацијата, во електронска форма (преку е-маил) до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш архивски бр. 03-1255/1 од 08.04.2025 година со кое побара:

*„1. Известување проследено од Државна комисија за спречување на корупцијата до [redacted] во врска со предмет со наслов „Пријава“ примена во ДКСК на ден 31.01.2025 година и предмет со наслов „ДОПОЛНЕНИЕТ НА ПРИЈАВА“ примена во ДКСК на ден 11.02.2025 година и доказ дека доставата била извршена по поштенска пратка и електронска пратка.*

*2. Одлука донесена од страна на Државна комисија за спречување на корупцијата согласно предмет со наслов „ПРИЈАВА“ примена во ДКСК на ден 31.01.2025 и предмет со наслов „ДОПОЛНЕНИЕ НА ПРИЈАВА“ примена во ДКСК на ден 11.02.2025 година и доказ дека доставата била извршена по поштенска пратка и по електронска пошта“.*

По разгледување на барањето, ДКСК констатираше дека располага со бараните информации

Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) постапи по предмет бр. 12-1734/1 од 04.06.2024 година, оформен по доставена пријава, против [redacted]

Со цел проверка на наводите од пријавата, ДКСК побара информации од Јавното обвинителство на РСМ, од каде е доставено Известување со А.бр. 03-912/2024 од 05.08.2024 година, дека во

Основното јавно обвинителство Скопје е оформен предмет КО бр. 903/24 против "[redacted] каде постапката е во тек.

По разгледување на допирните податоци во врска со предметот 12-1734/1 од 04.06.2024 година, ДКСК на 10-тата седница одржана на ден 08.11.2024 година донесе Одлука бр.12-1734/15 од 25.11.2024 година со која ја запре постапката по предметот. Одлуката е објавена на веб страницата на ДКСК и со Известување бр. 12-1734/16 од 27.11.2024 година Одлуката е доставена до пријавителот за запознавање.

Целокупната документација која беше доставена по донесувањето на споменатата одлука од Ваша страна, ДКСК со допис број 12-143/13 од 26.03.2025 година, ја достави за натамошно постапување до Јавното обвинителство на РСМ, во врска со оформениот предмет КО 903/24.

Од сето погоре наведеното, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото.

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице,
Согласен: Адем Чучуљ – Генерален секретар,